

Со почетокот на XIX век започнуваат и националните борби на поробените балкански народи за ослободување од долговековната доминација на Турците. Предвесник во тој поглед е Првото српско востание од 1804 година. По него следува грчкото востание кое избувна во 1821 година. И во двете востанија македонскиот народ зел активно учество. На пример, во Првото српско востание се истакнуваат браќата Жикиќ, Петар Чардаклија, Петар Ичко, кој го склучил со турската влада познатиот Ичков мир во 1806 година и други.

Слично како и во Првото српско востание, македонскиот народ зел активно учество и во Грчкото востание од 1821 година. Веднаш по избувнувањето на востанието, под раководството на браќата Рамаданови, на Димче Минов, Демир Трајко и други биле создадени чети, кои им се приклучиле на востаниците.

Солидаризирајќи се со грчкиот народ и под силно влијание на идеите за ослободување од турското ропство, Македонците од овој дел на Македонија и самите го кренале оружјето за своето ослободување. На чело на востанието се наоѓале Л. Зафиракис, Анастас Каратошо Стариот ајдутски војвода, Ангел Гацо, Дијамандис и други. На 3 март 1822 година востаниците нападнале на турскиот гарнизон во Негуш, го ликвидирале и го зазеле целиот град. Од градот востанието добило масовен карактер и се проширило на Негушката и на соседните околии. Воден, Костур се до утоката на реката Бистрица. Бројот на востаниците брзо се зголемил на околу 2000 души.

Разгорувањето на востанието ја принудило турската власт да преземе сериозни мерки за неговото задушување. Судирот меѓу војската на Лабуд-паша и востаниците траел повеќе од 20 дена, се до 20 април 1822 год. кога градот Негуш бил заземен и востанието

задушено. Настапил жесток прогон и пљачкање на востанатото население. За да се :паси од насилствата и теророт голем дел од македонско население побарал спас во напуштањето на своите села, во раселувањето по другите делови на Македонија. Многубројни македонски востаници, меѓу кои бил и водачот на востанието Караташо, заминале за Грција.

Македонските востаници ќе ја продолжат борбата против отоманската империја. Во борбите против Турците за време на грчкото востание ќе се истакнат многу Македонци меѓу кои: Никола Атанас од Воден, Атанас од Пијанец, Сотир Дамјановиќ од Битола, Кочо Битолчанец, Ставро Јован од Охрид, Спиро Паскал, Ангел Гацо од Воден, учесник во Негушкото востание. Неговиот син Мицо во грчкото востание добил чин генерал! Во грчкото востание учествувале околу 1.200 доброволци од Македонија

Како учесници во грчката борба за независност, тие се истакнувале со храброст, борбеност, со итрина, а поради големата воинственост добивале високи офицерски и генералски чинови и позиции. Најистакнатите биле поставувани за команданти на грчките востанички сили. Така на пример Христо Хаџи Ристо бил поставен за командант на коњаничкиот ескадрон и Марко Бочварот (кого Грците го нарекувале Маркос Боцарис), бил назначен за командант на поголема пешадиска единица а потоа со наредба на претседателот на востаничката влада, Маврокордатос, бил назначен за командант на грчките востанички сили во 1823 година.

Марко Бочварот, Македонец од Егејска Македонија, .роден околу 1788 година, загинал на 21. VIII 1823 година при одбраната на Мисолунги. Грците ја почитувале неговата храброст, иако за нив бил само „славофон“. Сепак за да не остане трага тие ќе го грциизираат неговото име и на надгробната плоча во местото Мисуланги кај Коринт ќе напишат дека тој е Маркос Басариус,

**Марко Бочварот со својата храброст ќе го привлече вниманието на прочуениот англиски поет лорд Бајрон и тие како соборци ќе станат блиски пријатели. По смрта на Марко Бочварот, Бајрон изразил желба да биде закопан до него.**

Храброста на Марко Бочварот не била само инспирација за Бајрон, туку неговите херојски подвизи ги инспирирале низа поети и книжевници да пеат во своите творби за

Бочварот, како што е случајот со: Ј. Словацки, П. Хохолоушек, Јован Стерија Поповиќ, Жил Верн, Виктор Иго и др. Бестрашноста на Бочварот и неговата херојска смрт го инспирираа народниот пејач и тој го опеа херојот Бочварот, како што ги опеа  во песните Кузман Капидан и другите прочуени македонски јунаци.